**20130751618**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 105 став (3) и член 112 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница одржана на 30.4.2013 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/2010 и 99/2011) членот 2 се менува и гласи:

„Средствата на задолжителните пензиски фондови се инвестираат согласно со одредбите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Законот) и инвестиционата стратегија со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членовите и пензионираните членови на задолжителните пензиски фондови и преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

а) кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна;

б) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;

в) во реалната вредност на средствата на задолжителните пензиски фондови поради инфлација и

г) кои се последица од продажба на средствата на задолжителните пензиски фондови поради обезбедување на ликвидност на задолжителните пензиски фондови.

Управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на задолжителните пензиски фондови од страна на член на управен одбор и надзорен одбор во друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови треба да биде во согласност со фидуцијарната должност и овие лица се должни да применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.”

Член 2

Во член 5 ставот (1) зборовите: „за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Законот)“ се бришат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01 - 609/7
17 мај 2013 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.